MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-4933/7

13-10-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот -------- -------------- од --------- , на продолжението на 39-та седница одржано на ден 07.10.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 12-4933 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-4933/1 од 22.10.2019 година , доставена од подносителот -------- -------------- од ---------, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување по предметот со број 12-4933 од 2019 година, во предметниот случај се постапува од страна на други надлежни органи во РСМ - заведена е кривична постапка која е се уште во тек.

Предметот со број 12-4933 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4933 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4933/1 од 22.10.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот -------- -------------- од ---------.

Во пријавата се изнесени наводи и информации за голем организиран финансиски криминал што се вршел во фирмата ДПТИ --------- ДОО Увоз - Извоз,Скопје. Станува збор за наводи против основачите и директорите на оваа фирма, кои веќе 20 години преку пирамида на фирми вршеле измама против државата по основ на затајување на данок и перење пари.

Со подносителот на пријавата, по негово барање, на ден 13 ноември 2019 година, во просториите на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), одржана е работна средба заради појаснување на предметните наводи. За одржаната работна средба изготвена е службена белешка со број 12-4933/2 од 14.11.2019 година, а на истата од страна на подносителот на пријавата меѓу другото се информираше дека во врска со предметните наводи

тој се обратил и побарал надлежно постапување од Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи и од Основното јавно обвинителство Скопје, а воедно беа изнесени и дополнителни објаснувања во врска со предметните наводи за тоа дека во врска со предметниот случај била заведена судска постапка пред Основен суд Скопје 1 под број КОК -----/--. Овој предмет во Судот бил иницирран од МВР во 2013 година. Исто така, подносителот на пријавата изнесе и информација за тоа дека фирмата -------- била вклучена во случајот „-------", од 2011-2012 година, во кој на 23 обвинети им се судело за перење пари со лажни фактури, а во овој случај, по наводи на подносителот ------------ не биле основачите на фирмата -------- туку биле осудени 23-та осомничени кои добиле и казни затвор.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид сите наводи на подносителот и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај достави барање за податоци и информации до Основен кривичен суд Скопје и Управата за јавни приходи – ГД Скопје.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, ДКСК го констатира следното:

-На ден 03.12.2019 година, на барање на ДКСК доставен е одговор од страна на Управата за јавни приходи со кој се известува дека кај наведениот даночен обврзник од страна на Управата веќе имало извршено контрола на ДДВ за периодот од 01.05.2009 година до 28.02.2013 година. Контролата била извршена врз основа на работен налог од 27.03.2013 година со предмет на надворешната контрола - данок на додадена вредност (ДДВ) и при истата бил утврден помалку пресметан и искажан ДДВ, по што на даночниот обврзник му било направено задолжување по основ на непризнат претходен данок на додадена вредност, како и по однос на искористувањето на правото на одбивка на претходен данок.

-По однос на барањето на ДКСК за тоа во која фаза се наоѓа судскиот процес /постапката по предметот КОК бр.---/-- оформен во врска со наводи против ДПТИ ------- ДОО Увоз – Извоз од Скопје за даночно затајување и перење на пари, од страна на Основниот кривичен суд Скопје добиено е известување на ден 03.12.2019 година, со кое ДКСК се известува дека пред овој суд во тек е кривична постапка против обвинетиот ----------- ------------- од --------, еден од основачите и директорите на наведената фирма, за кривично дело - Даночно затајување чл.279 ст.2 в. в со ст.1 од КЗ. Против наведеното лице бил поднесен обвинителен акт КО.бр.--/-- од 18 11 2015 година од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, со кој акт на обвинетото лице му се ставало на товар дека: во текот на 2008 година како управител на ------- ДОО Скопје затаил да пресмета и пријави вкупен износ на ДДВ за 2008 година. Со денот на известувањето, предметот уредно се насрочувал во судот и била закажана следна главна расправа.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со предметните наводи на конкретниот случај било постапено од страна на друг надлежен орган - Управата за јавни приходи и биле преземени соодветни дејствија, а исто така за случајот се води кривична постапка пред Основниот кривичен суд Скопје, за кривично дело - Даночно затајување чл. 279 ст. 2 в. в со ст. 1 од КЗ, започната по поднесен обвинителен акт од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје. Со оглед на констатираното, Државната комисија оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по овој предмет, постапката по истиот се запира, а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 07 одктомври 2020 година под бр. 12- 4933/7**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК